Рев2.бр.345/2016

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: [redacted] - претседател на советот, [redacted], [redacted], [redacted] и [redacted] - членови на советот, во правната работа на тужителката В[redacted] М[redacted] од С., против тужениот Т[redacted] М[redacted]в од С., за утврдување на право на сопственост, вредност на спорот 5.524.500,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужениот, изјавена преку полномошник Татјана Трајковска, адвокат од С., против пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.1880/14 од 04.06.2014 година, на седницата одржана на ден 22.06.2017 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Ревизијата на тужениот, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со пресуда П1-3820/09 од 08.10.2013 година, делумно го усвоил тужбеното барање на тужителката и го задолжил тужениот по основ на заеднички имот стекнат во брак да исплати на тужителката вкупен износ од 3.681.650,00 денари и да и го признае правото на сопственост на тужителката на тој износ, кој претставува половина од паричните средства кои потекнуваат од обврзници за старо девизно штедење префрлени од Централниот депозитар за хартии од вредност на денарска штедна книшка кај С. банка АД С. бр.........., намалени по основ на компензационен приговор, со законска казнена камата сметано од пресудувањето до исплатата во висина на референтната стапка на НБ на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум процентни поени, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката. Судот го задолжил тужениот по основ на заеднички имот стекнат во брак да исплати на тужителката вкупен износ од 185.440,00 денари, на име трошоци на постапката, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, а го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителката од досуденото во износ од 3.681.650,00 денари до предјавеното 5.524.500,00 денари.

Апелациониот суд Скопје со пресуда ГЖ.бр.1880/14 од 04.06.2014 година, ја одбил како неоснована жалбата на тужителката, делумно ја уважил жалбата на тужениот и ја потврдил пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје П1.бр.3820/09 од 08.10.2013 година. Со решение, судот го укинал решението за парничните трошоци содржано во пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје П1.бр.3820/09 од 08.10.2013 година во делот од изреката под став 3 и во тој дел предметот се вратил на првостепениот суд на повторно разгледување и одлучување.

Против второстепената пресуда, ревизија изјави тужениот преку својот полномошник, поради суштествена повреда на одредбите од парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, второстепената пресуда во побиваниот дел да се преиначи на начин што жалбата на тужениот да се усвои, првостепената пресуда да се преиначи на начин што тужбеното барање на тужителката да се одбие како неосновано во целост, како и да се задолжи тужителката со парнични трошоци или побиваната и првостепената пресуда да се укинат и предметот да се врати на повторно одлучување пред првостепениот суд.

Врховниот суд на Република Македонија, по проучување на списите во предметот и наводите во ревизијата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 377 став 3 од Законот за парнична постапка, најде:

Ревизијата е неоснована.

Неоснован е наводот во ревизијата со кој се укажува на сторена суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од член 343 став 2 точка 13 од Законот за парничната постапка, од причина што побиваната пресуда со која е потврдена првостепената пресуда, е јасна, разбирлива и содржи доволно образложени причини за решителните факти, кои се непротивречни и произлегуваат од утврдената фактичка состојба врз основа на изведените докази, па како таква може да се испита.

Неосновани се наводите за погрешна примена на материјалното право, ако притоа се има предвид утврдената фактичка состојба.

Имено, во текот на постапката било утврдено дека тужителката и тужениот биле во брак од 23.09.1970 година, подолг период живееле и работеле во Г., при што својата заштеда од парични средства ги депонирале на девизни штедни книшки во С. банка АД С., и тоа книшка бр....... на име Трајко Мицев, сега тужен и книшка бр....... на име Вера

Мицева, сега тужителка. Штедните книшки потекнуваат од старо девизно штедење од кои средствата се префрлени во Централниот депозитар на хартии од вредност за издавање на обврзници. Тужителката е сопственик на денарска сметка бр....... во С. банка АД С. на која има редовен прилив на средства од обврзници за старо девизно штедење, дел од главнината и камата од наведените книшки, а кои се исплаќаат два пати годишно. По овластување на тужителката и тужениот, од страна на Централниот Депозитар на Република Македонија е извршена исплата на денарската сметка на тужителката бр........ преку емисија на обврзници за депонирани штедни влогови, и тоа од сметката на тужителката износ од 12.855,24 евра и од сметката на тужителот во износ од 183.032,98 евра, кои странките ги стекнале во текот на траењето на брачната заедница. Тужителката го овластила тужениот за полномошник на наведената сметка, кој во периодот од 07.08.2002 година до 22.06.2011 година тужениот подигнал парични средства во износ од 5.524.500,00 денари, а по повлекувањето на полномошното на тужениот, тужителката подигнала износ од 1.842.850,00 денари.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба од страна на првостепениот суд, прифатена во целост од страна на второстепениот суд, според Врховниот суд на Република Македонија, правилно пониските судови го примениле материјалното право кога повикувајќи се на одредбите од член 67 и член 71 од Законот за сопственост и други стварни права, делумно го усвоиле тужбеното барање на тужителката за утврдување право на сопственост на 1/2 од вкупните парични средства стекнати во бракот помеѓу странките, намалени по основ на компензациониот приговор од тужениот.

Согласно член 67 од Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на РМ“ бр.18/2001), имотот кој брачните другари ќе го стекнат во текот на бракот претставува нивен заеднички имот.

Согласно член 70 став 1 од истиот закон, брачните другари заеднички и спогодбено управуваат и располагаат со заедничкиот имот.

Согласно член 75 став 2 од истиот закон, при определувањето на деловите на брачните другари во заедничкиот имот, судот тргнува од фактот дека заедничкиот имот на брачните другари се дели на еднакви делови.

Поаѓајќи од законската регулатива во однос на правниот режим на имотот стекнат од брак определена со член 67 од Законот за сопственост и други стварни права, произлегува дека секое стекнување на имот доведува до тоа да се смета дека стекнатиот имот во бракот претставува заеднички имот. Притоа, еден од основите за настанување на заедничкиот

имот е со работа, како начин на стекнување на нова имотна вредност. Подведувајќи ја наведената законска одредба под утврдените факти дека паричните средства кои биле исплатени на денарската сметка на тужителката потекнуваат од штедните книшки на тужителката и на тужениот преку емисија на обврзници и дека истите се стекнати во времетраење на нивната брачна заедница, овој суд наоѓа дека е правилно стојалиштето на пониските судови дека утврдениот имот кој се состои во заштедени пари има правен режим на заеднички имот, па оттука тужителката има право на сопственост на 1/2 од истите. Дотолку повеќе што, без влијание за поинакво одлучување е фактот што тужителката била сопственик на наведената денарска сметка, од причина што во конкретниот спор тужениот е задолжен да и признае на тужителката право на сопственост на предметните парични средства кои претставуваат една половина од вкупно стекнатите во текот на брачната заедница.

По наоѓањето на овој суд, неосновани се ревизиските наводи за погрешна примена на материјалното право од член 75 став 2 од Законот за сопственост и други стварни права кога пониските судови пропуштиле со сигурност да го утврдат учеството на секоја од странките во создавањето на заедничкиот имот, односно дека тужениот имал значително поголем придонес од тужителката во приливот на парични средства на денарската сметка. Имено, имајќи ја предвид законската претпоставка по однос на режимот на имотот стекнат во брак, како и правниот интерес на тужителката да се утврди правото на сопственост на паричните средства, правилно пониските судови утврдиле дека тужителката има право на сопственост на 1/2 од предметниот заеднички имот. Ваквата законска претпоставка за еднаквоста на имотот стекнат за времетраење на брачната заедница е соборлива, односно е дозволено докажување по однос на поголем или помал придонес на еден од брачните другари во поглед на стекнувањето на имотот. Во конкретниот случај, во отсуство на правно релевантен доказ со кој тужениот би докажал евентуално поголем придонес во стекнувањето на паричните средства, правилно пониските судови со примена на наведените законски одредби од Законот за сопственост и други стварни права, одлучиле како во изреките на пресудите.

За останатите наводи во ревизијата овој суд оцени дека дел веќе биле предмет на оценка на пониските судови, кои за истите дале доволно образложени причини со кои во целост се согласува и овој суд, а дел се однесуваат на погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, основ по кој согласно член 375 став 3 од Законот за парнична постапка, не може да се изјави ревизија.

Поради наведеното, следуваше Врховниот суд на Република Македонија ревизијата да ја одбие како неоснована, согласно член 384

став 1 од Законот за парничната постапка.

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија, на ден 22.06.2017 година под Рев2.бр.345/2016.

Претседател на советот-судија
[redacted] с.р.

За точноста на отправокот – т в р д и:секретар,